**20140471387**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

Врз основа на член 94 став 3 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14), министерот за култура донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ ЗА ПОТЕКЛОТО НА ДВИЖНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ШТО Е ПРЕДМЕТ НА ТРГОВИЈА, НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА КОНТРОЛА НАД ВОДЕЊЕТО НА РЕГИСТАРОТ И ОБРАСЦИТЕ ШТО СЕ УПОТРЕБУВААТ

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на водење на регистарот за потеклото на движното културно наследство што е предмет на трговија, начинот на вршење на контрола над водењето на регистарот и обрасците што се употребуваат („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/10), во член 2 во став 1 во алинејата 8 зборовите „и печат“ се бришат.

Во Образецот 1 зборовите „печат и“ се бришат.

Член 2

Во член 3 во ставот 2 зборовите „и печат“ се бришат.

Член 3

Во член 5 во став 1 во алинејата 6 запирката по зборот „продажба“ и зборот „печат“ се бришат.

Во Образецот 2 зборовите „печат и“ се бришат.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 54-2814/1 | Министер |
| 4 март 2014 година | за култура, |
| Скопје | д-р **Елизабета Канческа-Милеска,** с.р. |

ОБРАЗЕЦ 1

<table>
<tr><td colspan="3">РЕГИСТАР ЗА ПОТЕКЛОТО<br><br>НА ДВИЖНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ДРУГИТЕ АНТИКВИТЕТИ, УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ И ПРЕДМЕТИ НА КОЛЕКЦИИ</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="3">Назив на предметот:</td></tr>
<tr><td>Вид на предметот:</td><td>Автор/изработувач:</td><td>Година/период:</td></tr>
<tr><td>Материјал:</td><td>Техника на изработка:</td><td>Димензии/мерки:</td></tr>
<tr><td rowspan="4">Фотографија:</td><td colspan="2">Име, презиме и адреса на лицето од кое е набавен предметот:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Податоци за сопственоста (број на купопродажен договор/изјава за сопственост)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Име, презиме и адреса на купувачот:</td></tr>
<tr><td>Продажна цена на предметот:</td><td>Број на склучен купопродажен договор:</td></tr>
</table>

Датум: потпис

ОБРАЗЕЦ 2

<table>
<tr><td colspan="3" align="center">ИСПРАВА ЗА СОПСТВЕНОСТА</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="3">Назив на предметот:</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Фотографија:</td><td>Вид на предметот:</td><td>Материјал:</td></tr>
<tr><td>Автор/изработувач:</td><td>Година/период:</td></tr>
<tr><td>Техника на изработка:</td><td>Димензии/мерки:</td></tr>
<tr><td colspan="3">Исправа за претходната сопственост на предметот<br>(број на купопродажен договор или изјава за сопственоста):</td></tr>
<tr><td colspan="3">Име, презиме и адреса на трговецот:</td></tr>
<tr><td colspan="3">Име, презиме и адреса на купувачот</td></tr>
</table>

Датум и место:
потпис